РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено: 15 03 - 202 | | | [redacted] |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредн |
| 10 | 273 | 1 | |

**До**
**Општина Валандово**
Ул. Иво Лола Рибар бр. 3
2460, Валандово
(имател на информацијата)
shristova@t.mk
administracija@valandovo.gov.mk

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на членовите 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. За која цел на ден 10/02/2014 од сметката на Општината се исплатени 50,000 денари на МПЦ-ОА под контото 464990 Други трансфери?
2. За која цел на ден 05/09/2013 од сметката на Општината се исплатени 200,000 денари на МПЦ-ОА под контото 464990 Други трансфери?
3. За која цел на ден 20/11/2012 од сметката на Општината се исплатени 200,000 денари на МПЦ-ОА под контото 464990 Други трансфери?

2. Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

Барател на информацијата: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во [redacted]

Датум на поднесок: 14.03.2022 година

Подносител:

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-273/2
24.03.2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.[redacted] од 14.03.2022 година, поднесено од [redacted] од [redacted],заведено под бр.10-273/1 од 16.03.2022 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. [redacted] од 14.03.2022 година, поднесено од [redacted], заведено под бр.10-273/1 од 16.03.2022 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара Општина Валандово, како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

[redacted],достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, заведено под бр.10-273/1 од 16.03.2022 година.

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал: Е. Фидански
Одобрил: Б. Киров

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-273/3
24. 03. 2022 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

До
[redacted]

**Предмет:** Одговор на барање бр[redacted] од 14.03.2022 година

Почитувани ,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, бр[redacted] од 14.03.2022 година, како имател на информација, Ве известуваме за следното:

1. Износот од 50 000 денари, исплатен на ден 10.02.2014 година, е со намена за оградување и уредување на просторот околу црквата „,Св. Вмч. Димитриј" с.Собри, по Одлука на Совет бр.07-11/14 од 29.01 2014 година;

2. Износот од 200 000 денари, исплатен на ден 05.09.2013 година, е со намена за уредување на просторот околу црквата „Св. Вмч. Димитриј" с.Собри, по Одлука на Совет бр.07-82/11од 29.08.2013 година;

3. Износот од 200 000 денари, исплатен на ден 20.11.2012 година, е со намена за изградба на ограда и камбанарија на црквата „Св. Вмч. Димитриј" с.Собри, по Одлука на Совет бр.07-75/10 од 26.10.2012 година

Со почит,

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Подготвил: С.Димитров
Контролирал:С.Х. Јовановиќ
Одобрил:Б.Киров

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" бб, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk